26.10.2016г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Герман Филков и Сабина Факиќ за прилог објавен на 01.06.2016 година, во вестите на Алфа телевизија**

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАПИРА

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 03.06.2016 година, Герман Филков и Сабина Факиќ поднесоа жалба за прилог објавен на 02.06.2016 година, во вестите на телевизија Алфа.

Во жалбата се наведува дека известувањето во прилогот е неточно и нефер, содржи елементи на говор на омраза, нарушена е приватноста, не е застапена втората страна и е извршена навреда и клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Алфа и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Главниот и одговорен уредник на информативната редакција на Алфа ТВ, Коле Чашуле, одговори на наводите од жалбата. Во дописот се вели дека станува збор за прилог кој не содржи авторски информации добиени од страна на новинарот, туку за прилог во кој се пренесуваат информации објавени од друг медиум. Се истакнува дека во прилогот новинарот на Алфа го цитира изворот на информациите, порталите “Журнал” и “Нетпрес”. Чашуле вели дека во редакцијата на Алфа добиле барање од Филков и Факиќ за извинување и демант, што било направено во вечерните вести на 6 јуни и во централните вести во 17:30 на 7 јуни.

После добиениот одговор од Коле Чашуле, беше контактирана и другата страна, по што беше одлучено да се затвори постапката.

***

На седницата на 03.10.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителите Филков и Факиќ, направи увид во наведената содржина, ја прочита конверзацијата на Извршната канцеларија на СЕММ со Коле Чашуле и со Герман Филков. Следствено,

# совет за етика во медиумите на македонија

Комисијата за жалби донесе одлука дека постапката во однос на жалбата на Герман Филков и Сабина Факиќ против Алфа ТВ се запира.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595